Врз основа на член 3, а во врска со член 2 став 2 од Законот за сметање на времето („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/96 и 16/97) и член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 март 2025 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ДЕНОТ И МОМЕНТОТ НА ВОВЕДУВАЊЕТО И ДЕНОТ И МОМЕНТОТ НА ЗАВРШУВАЊЕТО НА ЛЕТНОТО СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО ВО 2025 ГОДИНА

1. Летното сметање на времето во 2025 година започнува на 30 март во 02h 00min 00s, така што со поместување за еден час нанапред времето во 02h 00min 00s се смета како 03h 00min 00s.

2. Летното сметање на времето завршува на 26 октомври во 03h 00min 00s, така што со поместување за еден час наназад времето во 03h 00 min 00 s се смета како 02h 00min 00s.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3509/3<br>
28 март 2025 година<br>
Скопје

Заменик на претседателот<br>
на Владата на Република<br>
Северна Македонија,<br>
Љупчо Димовски, с.р.